Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ЈАВЕН КОНКУРС ЗА УЧЕНИЦИ ОД СРЕДНИ УЧИЛИШТА „ТВОЈ ДАНОК, ТВОЈА ИДНИНА“

По повод одбележувањето на Св. Матеј – Денот на даночниците, Управата за јавни приходи ги повикува учениците од средните училишта на територијата на Република Северна Македонија, под менторско водство на наставник, да учествуваат во креативен конкурс и преку своите идеи и творби да ја претстават важноста на даноците и нивната улога во градењето подобра иднина.

## ВАШИОТ ПРЕДИЗВИК

Учесниците треба преку:

- Кратко видео
- Анимација
- Дигитална креација со помош на вештачка интелигенција (AI)

да прикажат две меѓусебно поврзани ситуации:

## 1. ОПШТЕСТВО БЕЗ ДАНОЦИ

Како би изгледале училиштата, болниците, патиштата, јавниот превоз и другите јавни услуги доколку не постојат даночни приходи?

## 2. ОПШТЕСТВО СО ОДГОВОРНО КОРИСТЕЊЕ НА ДАНОЦИТЕ

Каква подобра иднина може да се изгради со правилно и наменско користење на јавните средства, поквалитетно образование, достапно здравство, модерна инфраструктура и почиста животна средина?

Трите најдобри творби ќе бидат наградени и промовирани.

## НАЧИН НА УЧЕСТВО

Индивидуално или тимски


## ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ

- **Времетраење**: 30 секунди – 1 минута
- **Формат**: MP4
- **Резолуција**: 1920 × 1080 пиксели (Full HD – препорачана)
- **Ориентација**: Хоризонтална (16:9)
- **Јазик**: Македонски јазик (за содржини на друг јазик задолжителен е македонски превод или титлови)

**КРАЕН РОК: 25.11.2026 година, до 23:59 часот**

Пријавите се доставуваат исклучиво по електронски пат на: konkurs@ujp.gov.mk
**Наслов на е-пораката**: „*КОНКУРС – ТВОЈ ДАНОК, ТВОЈА ИДНИНА*“

*Твој данок, твоја иднина!*



**БИДЕТЕ КРЕАТИВНИ.**

**ИСПРАТЕТЕ ЈА СВОЈАТА ПОРАКА.**

**БИДЕТЕ ДЕЛ ОД ПРОМЕНАТА!**